**ООУ „Коле Неделковски“ - Скопје**

---

# КОДЕКС

## за однесување на учениците за време на училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности

**Учениците се должни:**

- Задолжително да ги почитуваат законите на Република Северна Македонија.
- Достојно да го претставуваат Училиштето, Општината и Градот.
- Задолжително да присуствуваат и активно да чествуваат во сите организирани активности за време на училишната екскурзија, излет или друга воннаставна активност.
- Се забранува напуштање и оддалечување од групата за време на договорените активности без дозвола од одговорниот наставник.
- Да се однесуваат пристојно и со почит кон соучениците, наставниците и друг персонал за време на екскурзијата.
- Да се облекуваат пристојно, во соодветна облека и да имаат прикладен изглед на фризура, накит и сл. Се забрануваат: кратки маици и здолништа, длабоко деколте, искинати фармерки, облека со несоодветна апликација и сл.
- Да се грижат за личната хигиена и хигиената каде што престојуваат и, отпадоците да ги одложуваат во корпи за отпадоци.
- Навремено да ги информираат одделенските раководители за проблемите со кои се соочуваат и да побараат помош кога им е потребна.
- Меѓусебните недоразбирања да ги решаваат со разговор и толеранција;
- Да не потценуваат ниту еден соученик или да вршат дискриминација по пол, возраст, физички изглед, националност, религија или сл.
- Строго се забранува нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета.
- Строго се забранува вербално или физичко насилство. Игнорирање, упатување навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување психичка болка е исто така насилство.
- Строго се забранува консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.

Врз основа на Кодексот, родителот/старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот.

Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител најдоцна три дена пред изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излетот и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

Директор

Александар Христовски